ДС СМИТХ
АД Скопје
Бр. 03-1371
27.04. 2022 год.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 31.12.2021 година ДС Смитх АД Скопје оствари негативен финансиски резултат од 36.937 илјади денари.

Во тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 959.802 илјади денари, кој во однос на 2020 е зголемен за 22%. Во проценти изразено приходите на домашен пазар се зголемени за 20%, односно 26% кај приходите на странски пазар. Најголемо влијание на зголемување на приходите од домашен и странски пазар е резултат од зголемување на зголемена количина. Друштвото согласно предизвиците од светската здравствена криза, како и движењата на пазарите континуирано ги ревидираше финансиските планови за тековната година. Со ревидираните планови се одржува континуитет како на домашен така и на странските пазари.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 992.709 илјади денари, кои во однос на 2020 се поголеми за 40%, односно:

- Расходите по основ на суровините и материјалите се 50% зголемени, што се должи на зголеменото производство, како и најголемо влијание од зголемената цената на основната суровина - хартијата во тековната година што е резултат движењата на светските берзи;
- Согласно зголемената продажба се зголемени и дистрибутивни трошоци за 9% согласно намалена продажба во сектор отпадна хартија, односно зголемена продажба во амбалажа ;
- Согласно континуираното капитално вложување во основни средства Друштвото амортизацијата е зголемена за 2%;
- Вредносното усогласување на тековните средства е согласно сметководствените политики на друштвото;
- Трошоци за вработените се за 3% зголемени за трошоците за еднократните трошоци. Со изземање на истите, трошоците за вработените се на исто просечно месечно ниво како и минатата година. Намалување на трошоците за 57% најмногу има кај надоместоците за службени патувања.
- Најголемо зголемување имаме кај вредносно усогласување на тековните средства за 211% кое се должи на: вредносно усогласување на основни средства по основ на овластена проценителна куќа за средствата кои се наменети за продажба, како и основни средства кои се отпишаа како неупотребливи и истите не може да се продадат.

Во однос на претходната година ДС Смитх АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема, како и намалување на неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни.

**ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ**

Друштво за производство на хартија
ДС СМИТХ
-АД- Скопје